**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# П Р А В И Л Н И К
**за изменување и дополнување на**
**Правилникот за систематизација на работнитите места**
**во Службата на Собранието на Република Македонија**

**Скопје, февруари 2015 година**

Врз основа на член 40 и 41 од Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.104/2009), и член 64 став 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија"бр.91/2008, 119/2010 и 23/2013), генералниот секретар на Собранието на Република Македонија донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на**
**Правилникот за систематизација на работните места во**
**Службата на Собранието на Република Македонија**

**Член 1**

Во Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија (бр. 01-2160/1 од 14 мај 2010 година и бр. 01-5214/2 од 27.декември 2010 година, бр.01-1296/4 од 18 март 2011,бр.01-3719/4 од 30 септември 2011, бр.01-2838/1 од 18. јуни 2012 и бр.01-3068/1 од 31.јули.2013), во глава I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ, Членот 5 се менува и гласи:

„ За четири работни места со назив хигиеничар, општ работник, административно-технички работник и преведувач не се определуваат звања“.

Во глава II.ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, точка 11.СЕКТОР ЗА СТРУЧНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ, поттточка 11/4.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА , во работното место под реден број 270, Општ рабоник , бројот на извршители "1 “ се заменува со бројот "8“.

Во поттточка 11/5.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНВЕСТИЦИОНО И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ, во работното место под реден број 278 Хигиеничар, бројот на извршители "27 “ се заменува со бројот "40“.

По работното место под реден број 278 се додаваат две нови работни места под реден број 278-а и 278-б, кои гласаат:

| Реден број | Назив на работното место |
|---|---|
| **278-а** | **Административно технички работник** |

Одговорност за работата пред:

Раководителот на Одделението

Цел на работното место:

Административно технички работи

Работни должности:
-врши технички работи;
- прима дневен печат и други собраниски материјали;
- обавува усна и писмена кореcподенција ;
- води грижа за обврските на пратениците и
- прима и доставува пошта на пратениците.

Посебни услови потребни
за вршење на работата:
- основно или средно образование
- со или без работно искуство во струката

Број на извршители: 3

| Реден број | Назив на работното место |
|---|---|
| **278-б** | **Преведувач** |

Одговорност за
работата пред:
Раководителот на Одделението

Цел на работното место:
Обезбедување на технички превод

Работни должности:
-врши преводи на материјали за потреби на протоколарни настани поврзани со протоколарни средби;
- ажурирање на ВЕБ страната на Собранието на РМ на француски јазик и на англиски јазик;
-учествува на кратки средби со претставници на меѓународни организации;
-вршење превод на писма за потребите на Претседателот и потпретседателиете на Собранието;
-врши и други работи во врска со преведувањето.

Посебни услови потребни
за вршење на работата:
- стекнати 240 кредити според ЕКТС или
завршен VII/1 степен
од обласата на општествените науки
- со или без работно искуство
- познавање на странски јазик
- работа со компјутер
- способност за тимска работа

Број на извршители:2

**Член 2**

Согласно извршените измени и дополнувања во Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија, се вршат измени и дополнувања во Табеларниот преглед на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија, и тоа:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11/4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА | | | | |
| 270. | Општ работник | | -средно или основно образование<br>-со или без работно искуство<br>-способност за тимска работа | 8 |
| 11/5. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНВЕСТИЦИОНО И ТЕКОВНО ОДДРЖУВАЊЕ | | | | |
| 278. | Хигиеничар | | -средно или основно образование<br>-со или без работно искуство | 40 |
| 278-а. | Административно-технички работник | | -основно или средно образование<br>-со или без работно искуство | 3 |
| 278-б. | Преведувач | | - стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на општествените науки<br>- со или без работно искуство<br>- познавање на странски јазик<br>- работа со компјутер<br>- способност за тимска работа | 2 |

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето на ВЕБ страната на Собранието на Република Македонија , а ќе се применува по претходно добиена согласност од Агенцијата за администрација.

Број. 01-736/2
11 Февруари 2015 година
Скопје

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Жарко Денковски

5